# документи и материјали

325.2(82:=866)(093.2)

Михајло МИНОСКИ

## НОВИ ДОКУМЕНТИ И МАТЕРИЈАЛИ НА МАКЕДОНСКИТЕ ИСЕЛЕНИЦИ ВО АРГЕНТИНА (1935—1941)[1]

Во годините непосредно пред почетокот на Втората светска војна во тек беше нова, особено значајна фаза на организираната политичка и национална дејност на македонските иселеници во Аргентина. Во услови на постоење на изградена македонска национална свест се одвиваше процесот на основање македонски прогресивни групи (МПГ)[2] и создавање самостојно независно македонско движење за обединување на иселениците врз македонска национална програма.[3] Во оваа прилика презентираме 10 документи и материјали. Применет е хронолошкиот принцип.

Првиот документ е Привремениот Устав на македонската прогресивна група во Буенос Ајрес, која што си поставила за цел на политичкото дејствување „со сите сили и средства" да ја помага борбата на својот поробен и распарчен народ во татковината за национално ослободување, обединување и создавање независна Република Македонија. За постигнување на општата македонска национална цел МПГ како непосредна задача во практичното дејствување си поставила да работи:

1. На обединување на македонските иселеници во Буенос Ајрес од трите дела од поробена Македонија, без разлика на народност, пол, вера и политичко убедување,

---

[1] Во претходниот број објавивме неколку документи за иселувањето и иселениците во Аргентина од 1907 и 1911 (с. 241—245).

[2] Првата Македонска прогресивна група била основана во Буенос Ајрес во 1932 година. Потоа МПГ биле основани и во дрруги градови во Аргентина.

[3] Тоа ќе биде предмет на посебно проучување.

2. да воспостави врски и соработка со сите останати македонски организации и друштва со „иста цел и што служеле на ист идеал“,

3. да воспостави врски и соработка со прогресивните иселенички организации на другите народи коишто го поддржувале принципот на „национално самоопределување и независноста на Македонија“,

4. да го актуелизира македонското прашање пред прогресивното јавно мислење и одговорните фактори за придобивање поддршка за македонската ослободителна кауза,

5. да ја разобличува завојувачката и анексионистичката политика на балканските монархии спрема Македонија.

На национален план уште се предвидувало да придонесува за духовно, културно-национално и морално издигнување, а на социјален план за подобрување на материјалната положба на македонското иселеништво во Буенос Ајрес и општо во Аргентина.

Во вториот прилог се поддржува процесот на национално-политичкото организирање и обединувањето на МПГ за создавање Македонски народен сојуз во Аргентина, што ќе ја помага ослободителната борба на македонскиот народ во татковината за создавање слободна и независна Македонија. Само така Македонците можеле да покажат и докажат дека се „нација достојна за самостоен политички живот“, и да се изборат за своето признавање како народ („со свое минато и своја историја“) и нација.

Третиот прилог претставува анализа на проблемот на македонското национално нееднинство и македонските делби, што денес сè почесто се именува како македонски синдром. Станува збор за врховизмот во македонските редови, како политичка струја во служба на туѓи интереси што го попречува македонското национално единство, политичкото осамостојување на македонскиот народ и создавањето независна македонска национална држава.

Документите 4 и 5 се два протести на МПГ од Буенос Ајрес до Претседателот на бугарската влада против апсењата и судските процеси на македонските революционери.

Документот 6 е без секакво сомнение од особено значење. Тоа е писмо на организираната бугарска прогресивна емиграција од Сан Исидоро во кое се искажува искрено сочувство поради страдањата на македонскиот народ „подложен на брутален терор на балканските империјалистички држави: Бугарија, Југославија и Грција“, ја поддржува македонската ослободителна борба и го чувствува скорешното „национално ослободување“ на Македонците. Ја признава посебноста на македонскиот народ и нација, како и македонскиот јазик.

Документот 7 е уште една потврда за постоење изградена македонска национална свест декларирана од македонските иселеници во Аргентина.

Прилогот 8 за Илинденското востание, по повод 38 годишнината, е посветен на борбата на македонскиот народ за национално ослободување и создавање своја држава. Се потенцира дека во времето на Илинденското востание македонскиот народ, со масовниот револуционерен чин, покажал пред целиот свет дека е подготвен за самостоен национален живот и дека борбата за ослободување и национална независност продолжувала. Во новите услови наметнати со Втората светска војна, со координирање на ослободителната борба на другите балкански народи, можело да се очекува нејзино успешно завршување. Настапувал нов „победеносен Илинден".

Документите 9 и 10 изнесуваат податоци за теророт на бугарските окупаторски власти во окупираните делови од Македонија и за почетоците на оружената национално-ослободителна борба. Се соопштува и за смртни пресуди од страна на бугарските воени окупаторски судови во Скопје и Битола.

## 1

## ПРИВРЕМЕН УСТАВ

## НА МАКЕДОНСКАТА ПРОГРЕСИВНА ГРУПА ВО БУЕНОС АЈРЕС, АРГЕНТИНА

### Чл. 1

Македонската прогресивна група во Буенос Ајрес има за цел со сите сили и средства да ја помага борбата на својот поробен и распарчен народ за ослободување и обединување на Македонија во една независна Народна Република, рамноправна членка на Балканската федерација.

### Чл. 2

Во врска со горната цел Македонската прогресивна група си ги поставува следните задачи:

а) Во името на македонскиот ослободителен идеал да ја обедини емиграцијата од трите дела на Македонија која живее во Буенос Ајрес, без разлика на народност, пол, вера и политички убедувања.

б) Морално и материјално да го помага ослободителното дело на својот народ.

в) Да воспостави тесни братски врски и соработка со сите македонски организации и здруженија коишто следат иста цел и им служат на истите идеали.

г) Да воспостави врска и соработка со сите емигрантски организации што го подржуваат принципот за национално самоопределување и за независноста на Македонија.

д) Да придонесува за подобрување на непосредните духовни и материјални потреби на емиграцијата и за нејзино културно и морално издигнување.

Чл. 3

За постигнување на поставената цел и остварување на поставените задачи Македонската прогресивна група ќе се служи со следниве средства:

а) Усна и печатена пропаганда во полза на општата ослободителна кауза на Македонија и против анексионистичките идеи на балканските држави.

б) Усна и печатена пропаганда за изнесување на македонското прашање пред прогресивното општествено мислење во странство и за придобивање симпатии и поддршка за македонското дело во сите средини и кај сите фактори коишто се борат против националното ропство и империјализмот.

Чл. 4

Член на Македонската прогресивна група може да биде секој македонски емигрант или емигрантка (без разлика на народност, вера, пол и политичко убедување) што ги прифаќа нејзините цели и принципи.

Чл. 5

Управата на Групата се состои од три до пет члена кои се избираат на општо собрание за една година.

Контролната комисија се состои од три члена со задача да врши контрола на финансиското работење.

Чл. 6

Секој член плаќа членарина во износ од 0,50 сентавос мажите а 0,20 жените.

Чл. 7

Македонската прогресивна група има печат со квадратна форма со натпис: Sociedad Macedonica Progresista — Buenos Aires.

(„Македонски глас" — Год. I, бр. 1, 1935, Буенос Ајрес, с. 4).

# ВРЕМЕНЕН УСТАВ

**на Македонската Прогресивна Група в Буенос Айрес, Аржентина**

Чл. 1.— Македонската Прогресивна Група в Буенос Айрес има зацел да подпомага с всички сили и средства, борбата на своя поробен и разпокъсан народ, за освобождението и обединението на Македония в една Независима Народна Република, като равно правен член на Балканската Федерация.

Фл. 2.— В връзка с горната цел М. Пр. Група си поставя следните задачи:

а) Да обедини в имсто на Макед. Освободителен Идеал емиграцията от трите части на Македония, живущи в Буенос Айрес, без раз лика на народност, / пол, вера и политически убеждения.

б) Да подпомогне морално и ма териално Освободителноцо Дело на своя народ.

в) Да влезе в тесни братски връзки и сътрудничество с всички Македонски Организации и Сдружения които преследват същата цел и служат на същите идеали.

г) Да влезе в връзка и сътрудничество с всички емигрантски организации, които подържат принципа за националното самоопределение и за независимоста на Македония.

д) Да съдействува за подобрението на непосредствените духовни и материални нужди на емиграцията и за нейното културно и морално издигане.

Чл. 3. За постигането на поставената цел и задачи Мак. Прог. Група ще си служи с следните средства:

а) С устна и печатна пропаганда в полза на общата освободителна кауза на Македония и против анексионистичните идеи на Балканските държави.

б) С устна и печатна пропаганда за изнасяне македонския въпрос пред прогресивното обществено мнение в странство и за печелене симпатии и подкрепа за Македонското Дело в всички среди и фактори, борещи се против националното рабство и империализма.

Чл. 4. Член на Мак. Пр. Групи може да бъде всеки македонески емигран или емигрантка, безразлика на народност, вера и политическо убеждение, който възприеманейта цел и принципи.

Чл. 5 Настоятелството на Групата се съетой от три до пет члена, които се избират на общо събрание за една година. Контролната Комисия се състои от три члено и има зацел да ревизира приходоразходните пера.

Чл. 6. Всеки член плаща по **0.50 сентавос членски внос** на месец, а жените — по 0.20 сентавос.

Чл. 7. Македонската Пр. Група има печат с четвъртита форма и с надпис:

Sociedad Macedonica Progresista — Buenos Aires.

## 2

**Поддршка на македонското прогресивно движење во Аргентина од иселениците во Соединетите Американски Држави.**

### ГЛАС ОД СЕВ. АМЕРИКА

Драги другари сонародници,

Од вашиот весник „Македонски Глас", којшто редовно го добиваме се забележува дека вашите македонски прогресивни групи сè повеќе и повеќе се зголемуваат.

Тој ваш прогрес нас овде многу не радува. Посебно вашата желба и решение да отворите еден Македонски дом во Буенос Ајрес. Таа новост многу нè зарадува и за нас овде е вистинска гордост.

Ние не можеме да не се радуваме на вашите успеси и на вашето прогресивно движење кое што расте секој ден. Ви посакуваме голем успех во изградувањето на македонски дом а исто така и во бројното зголемување и изградувањето на Македонски народен сојуз во Аргентина.

Во последните броеви на весникот „Македонски Глас" е изнесено мислење да го направите двеседмичен односно да го издавате двапати месечно. Се чини пробудената македонска емиграција во Аргентина работи искрено за делото на нашата поробена татковина Македонија.

Напред другари! Сите да чекориме заедно, под едно знаме и по патот на Гоце Делчев и неговите другари кои го зацртаа правилниот пат за ослободувањето на Македонија.

Ние, пробудената македонска емиграција не треба да стоиме туку да работиме и да се бориме до крај за да ја видиме еден ден нашата борба крунисана со успех — **политички и економски независна и слободна Македонија. Со тоа ќе докажеме дека и ние Македонците сме нација достојна за самостоен политички живот**, а не како што сега нè ограбуваат Грција, Србија и Бугарија. Секоја од тие поробителки вика дека сме ние Грци, Срби и Бугари. **Не, другари. Ние не сме ниту Срби, ниту Грци, ниту пак Бугари. Ние сме си одделна нација - македонска нација. Ние како народ имаме свое минато, своја историја** (подвлекол — ММ). Попусти се сите крвави брутални мерки на нашите поробители за да нè денационализираат. Што сè не направи Грција за да нè погрчи? Таа специјално насели бегалци од Мала Азија во Македонија под нејзината власт за да го погрчи населението, но излезе токму обратно. Наместо тие, грчките бегалци, да го присилат македонското население да говори грчки, тоа ги присили нив да го научат месниот јазик и да зборуваат македонски. И Србите исто така населија

во Македонија под нејзината власт српски семејства за да го претопат македонското население, но и со нив се случи истото што и со грчките бегалци. Бугарите пак одамна водат своја пропаганда во Македонија нарекувајќи ги Македонците браќа Бугари од западна Бугарија под ропство. Денес секој знае како „братот“ бугарски империјалист го третира македонското прогресивно движење во Бугарија и во Македонија под нејзина власт.

Во Македонија испраќаат чиновници Бугари за да спроведуваат бугаризација односно интересите на бугарскиот империјализам. Го запреа македонскиот прогресивен печат и ги наполнија затворите со македонски прогресивни водачи. Но и тоа нема да им помогне на империјалистите од Софија.

Борбата за ослободување на Македонија ќе продолжи до крај, до дефинитивното ослободување.

На работа другари македонски прогресивни иселеници во Јужна Америка за создавање масовно македонско прогресивно движење.

Н. Рисковски, Мадисон, С. (А.) Држави.
(„Македонски Глас“ — Буенос Ајрес, Год. I, бр. 9, 1935, с. 2).

3

**Македонскиот синдром и македонското иселеништво Аргентина.**

## ОДАНДЕ или ОДАВДЕ

Како Македонци, како народ поробен и распокинат национално на парчиња, сите страдаме. Оние што се во Македонија под власта на нашите поробувачи треба да молчат, да не креваат глава за народносна слобода, ниту за леб и работа.

Но не е целиот македонски народ во Македонија. Тие луѓе што имаа можност да не поднесуваат вакви тешки маки избегааа од Македонија и се преселија во други држави во Европа и во Америка. Но поголемиот дел од народот си остана во Македонија, не избега од својата татковина.

На местото на избеганите поробувачите донесоа и населија свои луѓе дојденци, свои колонисти, за да го измачуваат и угнетуваат македонското население.

Против непријателите македонскиот народ се борел и порано и сега. Но тие што се бореа се делеа на две страни, спротивставени една против друга и многупати се бореа меѓусебе. Имаше, а и сега има такви што не сакаа да слушнат

ни збор за слободата. Бидејќи ним животот им беше добар под која и да е власт. Тие луѓе беа исти и со Грцтие, Србите, со Бугарите, со Турците и сл. Тие заедно со агите ги ограбуваа сиромасите и затоа не сакаа да чујат за борба против турската држава.

Погоре кажавме дека тие што се бореа се делеа на две страни. И двете страни на народот му говореа и го тераа да се организира во комитети за борба против султанската власт за ослободување на Македонија. Едната страна (партија) што наводно се бореше за ослободување на Македонија се нарекуваше врховистичка. Партијата од друга страна се нарекуваше централистичка. Меѓу првите и вторите имаше голема разлика, голема бездна ги делеше. Бездната беше толку голема што многупати се бореа едни со други. Таа бездна беше поради идеите и принципите што ги следеа двете страни. Врховистите сакаа Македонија да биде ослободена од страна на Бугарија и присоединета во нејзините граници. Спротивно пак **централистите сакаа Македонија да биде ослободена од самиот македонски народ и да си остане самостојна независна македонска држава**, (подвлекол — ММ), со широки права за сите сиромаси што живеат во неа.

За остварување на тоа централистите го организираа народот во сите села и градови во комитети и го учеа дека ослободувањето на Македонија лежи во внатрешното востание. Тој принцип им ги сечеше рацете на тие што сакаа да ја завладеат Македонија. Затоа тие организираа контра комитети со јавна поткрепа на бугарската држава, за да се борат против централистите.

Така народот во Македонија се раздели на две: ОДАНДЕ — сите што беа испратени и поткупени како и некои што беа заведени од агентите на бугарскиот империјализам. И ОДАВДЕ: сите оние што сакаа Македонија да биде самостојна држава. Помеѓу „оданденците" и „одавденците" се водеше идејна и лута и крвава борба што се води и до денешен ден.

Истата борба се води и меѓу македонската емиграција. И овде, во Аргентина, меѓу нашата емиграција се води таква борба. Борба што нè дели на две: на ОДАНДЕНЦИ и на ОДАВДЕНЦИ.

Оданденците овде се малку и неможат да најдат поткрепа во македонската емиграција. Седат како афоресани и проклети од македонската емиграција.

Одавденците верни на идеалите на Гоце Делчев и изразувачи на болките на емиграцијата, исто како и во Македонија, се организираат во македонски прогресивни друштва и сеат просвета и светлина за подобрување на нејзината положба овде и за подршка на своите браќа-маченици во Македонија.

Во нашите редови од извесно време се забележува една појава на поединци што сакаат да го запрат, да го спречат и да го растурат движењето. Тие со таа саботажа сакаат да

# ОДАНДЕ али ОДАВДЕ

Како македонци, како народ поробен и разпокинат на парчиния национално, страдаме сите. Сите шо се во Македонија под власта на нашите поробители на сила требит да молчата, да не креваат глаа за народностиа слободия, нито за леб и работа.

Али не целиот македонски народ е во Македония. Тия люге шо имаа возможност, за да нетъргат вакви тежки мъки, избегаа от Македония и се преселия во други държави во Европа и Америка. Но поекето от народот си остана во Македония, той не избега от таткойната си.

На местото на избегалите поробителите донесоя и заселия свои люге пришелци, свои колонисти, които да измъчваат и гнетаат македонското население.

Против душманите си македонскиот народ се е борил и по-преге и сеа. Ама тиа шо се борса се далеа на две стърни, една против друга, и много пъти се биеа по-мегю си. А имаше, и сеа ги имет, вакви, които не сакаа да чуят за борба и за слобода. Пошчо на нем живот му беше добор под коя и да е власт. Тия люге беа едно и со гърци, и со сърби, и со болгари, и со турци и пр. Тиа заедно обираа и грабеа сиромасите со агите, и за тоо тиа не сакаа да чуят за борба против турската държава.

По-горе казавме, шчо тиа шо се бореа се делеа на две стърни. И двете стърни му говореа на народот и го терай да се организирува во комитети за борба против султанската влас, за ослобождението на Македония. Едната стърна, партия, шо се бореше уж ким за ослобождение на Македония се именуваше ВЪРХОВИСТИ. Партията от другата стърна се именуваше ЦЕТРАЛИСТИ. Мегго първите и вторите имаше голема разлика, голема пропаст ги делеше. Пропаста беше толку голема, та се тепаа многу пъти едни со други. Тва пропаст беше во принципите и идеите шо преследваа и двете стърни. Върховистите сакаа Македония да се ослободи от Болгария и да се присъедини во нейзините граници. Централистите, противно на неи, сакаа Македония да се ослободи от самиот си македонски народ и да си останит самостоятелна независима македонска държава, со широки права за сите сиромаси шо живеат во нея.

За да постигнат това централистите организируваа народот по сите сега и градои во комитети и го учеа, шчо ослобождението на Македония лежи во вътрешното возстание. Тоя принцип отсекваше ръцете на тия шо сакаа да я завладеят Македония. Но за тоо тия организираа контра комитети, со явната подкрепа на болгарската държава, за да се борет против централизма.

Така народот во Македония, се раздели на две: ОДАНЕДЕ: сите шо беа изпратени и подкупени и некои измамени от агентите на болгарскиот империализъм, и ОДАВДЕ: сите ония шо сакаа Македония да бидит самостоятелна държава.

По мегю оданденци и одавденци се води идейна и люта кървава борба, която и до днешен ден се водит ушче.

Истата борба се водит и мегю македонската емиграция. И туа, во Аргентина, мегю нашата емиграция се водит таква борба. Борба която ни делит на две: на ОДАНДЕНЦИ и на ОДАВДЕНЦИ.

ОДАНДЕНЦИ туа се мало и неможат да найдат подкрепа во македонската емиграция, и тие седат како афоресани и проклети от македонската емиграция.

ОДАВДЕНЦИ, верни на идеите на Гоце Делчев, и изразители на болките на емиграцията, исто како во Македония, се организират во М. Прогресивни Дружества и сеят просвета и светлина за нейното подобрение туа, и за подкрепа на своите братя мъченици в Македония.

Во нашите редои, от известно време се забележвит една пройва от некои които сакат да съпнсат, да попречат на движението, да го разтурят. Тиа со тоя саботаж сакат да помогнат на оданденци, на заклетите врагои на Македонското Прогресивно Движение.

Сите люге шо се на стърната на оданденци не работаат за ослободителната кауза, а за успехът на реакционните правителства, които потискат народот.

Требит да кажиме, и то со голема радост, шо македонската емиграция во Аргентина е, не со оданденци, а со одавденци, со прогресивното движение, за национално и социално ослобождение на нашата таткойна — Македония.

К. КРИУЛЯНОВ.

им помогнат на оданденците, на непријателите на македонското прогресивно движење.

Сите тие луѓе што се на страната на оданденците не работат за ослободителната кауза туку за реакционерните влади коишто народот го држат во потиснишство.

Потребно е да кажеме, и тоа со голема радост, дека **македонската емиграција во Аргентина не е со оданденци туку со одавденците, со прогресивното движење, за национално и социјално ослободување на нашата татковина — Македонија** (подвлекол — ММ).

К. Криуљанов

(„Македонски Глас“ — Буенос Аирес, Год. 4, бр. 3, 1938, с. 3).

4

**Протест од македонската прогресивна група од Буенос Ајрес против апсењето на македонски револуционери во Бугарија.**

Македонската прогресивна група во Буенос Ајрес со воздушна пошта го испраќа следниот

П р о т е с т

До г-от министер претседател на бугарскиот кабинет
Софија

Г-не Претседателе,

Од името на Македонската прогресивна група во Буенос Ајрес, Република Аргентина, најенергично протестираме поради апсењата на македонските револуционери од ВМРО (Обединета) кои достојно и смело се борат за ослободување на својата татковина. — Македонија.

Бараме нивно неодложно ослободување и запирање на теророт и пресудите над македонското, прогресивно движење во Бугарија.

Г-не Претседателе!

Вашиот крвав терор што го вршите и тешките пресуди нема да ја исплашат будната македонска емиграција и народот. Со еднаква сила ќе се борат против трите империјалистички влади: на Грција, Србија (Југославија — ММ) и Бугарија, потиснички на Македноија.

Долу рацете од ВМРО (Обединета)!

**Да живее слободна и независна Македонија** (подвлекол — ММ)!

Од Македонската прогресивна група во Буенос Ајрес.

(„Македонски Глас“, год. 1, бр. 3, 1935, с. 4).

## 5

**Протест до претседателот на бугарската влада по повод вестите за подготвување судски процеси на македонски революционери.**

Македонска прогресивна група — Буенос Ајрес,

П р о т е с т

До Министерот-претседател — Бугарија
Копие: до бугарскиот конзулат во Буенос Ајрес и бугарскиот печат во Аргентина: „Б'лгарска Мис'л", „Народна Трибуна" и „Македонски Глас".

Господине Министре,

Од информациите што ги добиваме овде разбравме дека Вашата влада подготвува чудовишен процес против 14 македонски национални револуционери поради тоа што се бореле за ослободување на својата татковина — Македонија, која е поробена од Србија, Грција и од Вашата влада.

Не Ви се ли малку жртвите што му ги нанесовте на македонското национално-револуционерно движење, па затоа барате уште?

Со голема возбуда го очекуваме тој нов процес и бараме неизоставно ослободување на 14-те обвинети Македонци.

Запрете го теророт над македонското-национално-револуционерно движење и над трудбеничките маси во Бугарија!

Дајте му слобода на народот!

Македонската прогресивна група
Буенос Ајрес.
(„Македонски Глас", год. 1, бр. 8, 1936, с. 1).

## 6

**Бугарската прогресивна емиграција во Аргентина ја признава посебноста на македонскиот народ и нација.**

**Братска поддршка од бугарската емиграција во Сан Исидоро.**

Драги другари, браќа Македонци,

**Ние** одовде од Сан Исидоро, **како една братска бугарска организација, го чувствуваме вашето национално ослободување, посебно денес во овие критични моменти што ги доживува светот и посебно вашиот народ кој е подложен на брутален терор од балканските империјалистички држави: Бугарија, Ју-**

**гославија и особено Грција, која го присилува македонското население, старо и младо, да зборува грчки односно да се елинизира.**

Меѓутоа, **вашето население** не ја прифаќа асимилацијата и **се бори, како вчера така и денес, да го зачува својот роден јазик** (подвлекол — ММ).

Ние, бугарските трудбеници, сочувствуваме со македонското ропство и ја помагаме со сите сили вашата Македонска прогресивна група, која за нас е вистински братска организација.

Друго нешто што побудува особен интерес кај нас е, како што е ѝ познато и на македонската емиграција, весникот „Македонски Глас", кој никогаш не го пропушта главното прашање — борбата во Шпанија, потсетувајќи ги сите оние што се борат морално и материјално за успехот на мирното, шпанско население, кое од пред една година беше нападнато од фашизмот. Со тоа, таа борба на шпанскиот народ против фашизмот ја чувствуваме и ние и знаеме дека борбата во Шпанија не се однесува само на шпанското население туку и за ослободувањето на целиот пролетеријат и сето човештво од фашизмот, кој веќе цела година убива: деца, жени, старци, и општо целата демократија.

И ние оттука апелираме кон целата бугарско-македонска емиграција да обрне внимание на борбата што се води во Шпанија.

Ви испраќаме листа, на бр. 40, и собрана сума од $ 4,00 за фондот: „Македонски Глас". Истовремено Ви ги испраќаме и имињата на дародавците за да ги објавите во весникот.

Да живее „Македонски Глас"!

Сан Исидоро

А. Димов.

(„Македонски Глас", III, 1, 1937, с. 3).

## 7

**Поддршка на новопојавеното македонско гласило во Буенос Ајрес — весникот „Балкански Глас". Одгласи за „Балкански Глас".**

До

Редакцијата на „Балкански Глас"
Буенос Ајрес

Драги сонароднику Поповски,

Го добив и го читам четвртиот број од весникот што сега го издаваш — „Балкански Глас". Ако веќе не може да се об-

нови издавањето на **нашиот весник „Македонски Глас“** многу се радувам што започна да го издаваш весникот „Балкански Глас“.

Во иднина „Балкански Глас“ нека послужи за обединување на целата балканска емиграција за да **придонесеме на тој начин**, во општите напори не само за нашата земја — Македонија туку и за сите балкански држави што денес се политички изедначени со Македонија.

**Моја желба како Македонец е весникот „Балкански Глас“ да биде читан и да најде уште поголем прием кај нашата македонска емиграција во Аргентина, но и во цела Јужна Америка.**

За поголем успех на „Балкански Глас“ Ви испраќам $ 5 за засилување на неговиот фонд.

**Да живее слободна Македонија** (подвлекол — ММ)!

Со поздрав,

Буенос Аајрес, 25.08.1941

Борис Калунција.

(„Балкански Глас“. I, 6, 1941, 3).

8

**Илинденското востание и претстојниот втор, победоносен Илинден.**

Илинденското востание.

На 2 август се навршија 38 години од славниот и херојски подвиг на македонскиот народ за национално ослободување — Илинденското востание. Во тој славен и херојски револуционерен подвиг македонскиот народ сам но единствен, иако недоволно подготвен, се крена против својот национален потисник и поробувач — турската империја. **Со тој масовен револуционерен акт македонскиот народ покажа пред целиот свет дека е подготвен за самостоен национален живот.**

Востанието траеше близу три месеци. Во него зеле учество повеќе од 20.000 востаници, против 300.000 турска армија. Востанието заврши со пораз за ослободителното движење. Последиците беа тешки: илјадници убиени и ранети, стотици жени и девици силувани, илјадници бегалци.

Сето тоа беше последица на трагично завршениот обид за извојување на својата национална независност. Но, народот не падна во очај, туку ја продолжи ослободителната борба, во друга форма.

Од тој епски подвиг на македонскиот народ — Илинденското востание — изминаа 38 години. Оваа година Илинден го затекна македонскиот народ повторно во национално ропство, но во сосема дрруги политички услови. Двете од државите —

поробителки на Македонија денес се изедначија во ропската положба. Тоа се Југославија и Грција. Тие од 6 април оваа година целосно ја загубија својата национална и политичка независност. Бугарија, која привидно ја чува својата независност, потиска половина од Македонија. Фактички и бугарскиот народ е поробен. Бугарија денес е вазал на Германија. Таа политичка промена на Балканскиот Полуостров е последица од Втората империјалистичка војна водена од Германија и Италија. Таа нова положба на Балканот отвора нови перспективи за национално ослободување не само за Македонија туку и за Југославија и Грција, па дури и за Бугарија, Албанија и Романија. Поради тоа што и последните три држави фактички се поробени од Германија и Италија.

Во светлината на новата политичка положба на Балканот денес е незамисливо самостојно национално ослободување на Македонија. Меѓутоа, тоа не значи да не се вршат натамошни подготовки против денешните поробувачи, од страна на македонскиот народ и македонската емиграција.

Имено, **борбата за национално ослободување на Македонија во сегашниов момент треба, повеќе од кога било, да се координира** со борбата на Југославија, Грција, Албанија, Бугарија и Романија. Бидејќи денешниот наш национален поробувач е еден ист — германскиот и италијанскиот фашизам.

Под крвавата чизма на нацифашизмот стенкаат и други националности кои, во борбата за своето национално ослободување, ги координираат своите сили и заедно со големите народи на Англија и Советскиот Сојуз, кои денес војуваат не само за одбрана на своите земји, туку и за уништување на нацифашизмот и за национално ослободување на сите народи што се денес потиснати и ограбувани од нацифашизмот.

Само со рушење на бандитскиот нацифашизам ќе паднат и ропските окови во кои толку време страда македонскиот народ, Тогаш **ќе настапи и победоносниот Илинден — ослободувањето на Македонија** (подвлекол — ММ).

(„Балкански Глас" — Буенос Ајрес,
Год. I, бр. 2, 1941, с. 1).

9

Терор на бугарските окупациски власти во Македонија и почетоци на отпорот.

Востание во Македонија. Бугарските фашистички власти убиле повеќе од 3.000 граѓани.

. . . . . .

Вестите што пристигнуваат оттаму се вознемирувачки и трагични. Македонското население под бугарската власт е ед-

накво ограбувано како и другите народности под хитлеризмот. Меѓутоа, жестокоста на бугарската фашистичка власт се пројавила во Западна Тракија и посебно жестоко се излеала во Источна Македонија, во Драма и нејзината околија. Според соопштенијата од Анкара и од Лондон населението во Драмско поради големите ограбувања и безпримерниот терор повеќе не можело да го поднесува и прибегнало кон единственото средство за спас од хитлеровските бугарски власти — востанието.

Фашистичките бугарски власти презеле уште поостри мерки. Веднаш испратиле многубројна војска во Драмско, со авиони и тенкови против цивилното македонско население. Востанието било задушено. Жртвите убиени од страна на фашистичките власти без судење и без судски пресуди ја надминале огромната бројка за една околија како што е Драмската, бројка од 3.000 цивилни граѓани.

Да! Така ги ослободуваат браќата по крв во Македонија **денешните властодржци во Софија.** Тие **го уништуваат македонскиот народ како што го правеа тоа пред нив оние од Атина и Белград** (подвлекол — ММ).

(„Балкански Глас", год. I, бр. 7, 1942, с. 4).

10

Смртни пресуди на бугарските военоокупаторски судови во Македонија.

Смртни пресуди изрекуваат по ред

Во Македонија во делот што е под власта на бугарската фашистичка влада исто така се изрекуваат смртни пресуди на народот.

Во град Скопје бугарскиот воен суд осудил на смрт пет лица обвинети за комунизам и поради обид да нападнат една воена единица со автоматско оружје и со бомби. Други две лица биле осудени на по 15 години строг затвор.

Во гр. Битола исто така воен суд осудил на смрт комунисти кои наводно разрушиле дел од железничката линија. Во друг град, чие име не се споменува, биле осудени други четири лица поради тоа што вршеле саботажи против германските и бугарските власти.

**Горните факти многу јасно говорат дека народот** под власта на националфашизмот е незадоволен и дека **работи на отфрлање на тој крвав режим** (подвлекол — ММ).

Со оган и меч, со бесилки и стрелања бугарските фашисти сакаат народот да го држат во потчинетост, но ни тоа нема да го спаси.

(„Балкански Глас", I, 1, с. 4).